# Одговори на добиените прашања од јавниот повик за доделување грантови на граѓански организации во рамки на проектот: „Стратешко партнерство за развивање социјална агенда за промена: Препознај, почитувај и остварувај права“

Проектот „Стратешко партнерство за развивање социјална агенда за промена: Препознај, почитувај и остварувај права“ финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта/Ла Страда, отвори јавен повик до граѓанските организации (ГО) за доделување грантови со рок за доставување до 14.09.2018.
Повикот можете да го погледнете на следниот линк.

Овој документ ги содржи сите поставувани прашања и нивните одговори поврзани со јавниот повик добиени од страна на граѓанските организации:

| Прашања | **Одговори** |
|---|---|
| **Дали лицата ангажирани на проектите можат да бидат ангажирани и на други проекти?** | Има можност да бидат ангажираат лица кои се истовремено ангажирани и на други проекти но за тоа потребно е детално објаснување. Доколку предвидите членови на тимот кои нема да работат 100% само на овие проектни активности, ве молиме јасно да наведете во проценти, време и плата која ќе биде покриена од овој проект. |
| **Кога треба да отпочнат проектите?** | Проектите кои би биле дел од грантовата шема се очекува да отпочнат октомври-ноември 2018. |
| **Дали ќе има инфо сесија во Прилеп или Битола за овој грант?** | Според програмата беше предвидено да се спроведат две инфо сесии за промоција на повикот. Истите се одржаа на 3ти септември во Скопје и на 4ти септември во Штип. |
| **Во предлог проектот е предвидено да бидат ангажирани анкетар, интервјуер и анализатор на резултати во определени временски интервали од неколку месеци, доколку ангажираните се членови на здружението дали треба да ги ставам во ставка 1 на плати и хонорари или во директни трошоци за истражување?** | Доколку овие лица не се ангажирани дополнително на проектот и се ангажираат само за конкретната активност, се буџетираат во директни трошоци кај активноста. Не може едно лице да зема хонорари по два основа во проектот. |
| **Дали за хонорарот на правниот консултант треба да има посебна ставка а за персонален данок или заедно се пишува со хонорарот?** | Да , треба да има посебна ставка каде што ќе го ставите збирот на сите персонални даноци. |

| | |
|---|---|
| **Околу патните трошоци ме интересира дали автобуските карти кои имаа ДДВ можат да спаѓаат овде?** | Ниеден трошок не може да има ДДВ. Ова може да го исплатите преку агенција на фактура или директно на фактура од авто превозникот. |
| **Колкав процент е наменет за плати а колкав за административни трошоци?** | Се препорачува за плати во човечки ресурси износот да биде 40% додека за администрација 7% од вкупниот буџет. Експерти, истражувачи и обучувачи може да се евидентираат во директни трошоци. |
| **Дали е задолжително вработување (здравствено и пензиски осигурен) на проектниот тим кој би бил ангажиран?** | Вработувањето на проектниот тим не е задолжително односно лицата кои ќе бидат ангажирани може да бидат исплаќани и хонорарно. Доколку се одлучите за хонорарно исплаќање на ангажираните лица тоа мора да биде и така предвидено и во предлог буџетот на проектот. |
| **Дали може невладини организации од Прилеп да аплицираат?** | На повикот може да аплицираат граѓански организации од цела територија на Р. Македонија. |